Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**аа активностите на Општина Кавадарци во обласа на социјалната заштита за 2023 година**

**|.ЦЕЛИ**

Основните цели на на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во обласа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливите групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница;
- Осовременување на воспитните и образовните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги на инклузија на лица со посебни потреби.

**||.АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Кавадарци во обласа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава);
- Помош на семејства за лекување;
- Помош на поединци во обласа на културата;
- Помош на семејства од семејно насилство;
- Информирање на социјално загрозените семејства на правата и обврските;
- Набавка на опрема (помагала) за хендикепирани лица;
- Новородени деца во 2023 година;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени,

- За социјална помош на Заедницата по сите основи во висина од 2.000.000 денари:
- Помош за новородени деца во висина од ...........,..................2.000,000 денари

Се вкупно за Програмата: 4.000.000 денари

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите во областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

## IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општина Кавадарци.

## V. АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Кавадарци има граѓански сектор со цели за социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливи групи, деца без родители. Општина Кавадарци ќе ги поддржи нивните напори за иновативни форми за згрижување и социјализација на овие граѓани.

## VI. Други форми на активности

Општина Кавадарци ќе ги спроведува и тоа:

- Обезбедување стручна, техничка помош и друга подршка со кадри и опрема со која располага
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти во областа на социјалната заштита.

## VII.ЗАВРШНИОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на на објавувањето на „Сл.гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08- 7742/36** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**